UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

# Извештај за самоевалуација

2016-2017

Комисија за самоевалуација

УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА | ТЕТОВО, НОЕМВРИ 2017

# Содржина

1. Вовед ... 4
2. Достигнувања ... 4
3. Структура: Факултети и центри ... 5
3.1. Факултет за бизнис и економија ... 6
3.2. Факултет за современи науки и технологии ... 6
3.3 Факултет за јазици, култури и комуникација ... 7
3.3. Правен факултет ... 7
3.4. Факултет за јавна администрација и политички науки ... 7
3.5. Јазичен центар ... 8
3.6. Центар за е-учење ... 8
4. Обезбедување квалитет ... 9
5. Предавање и учење ... 9
5.1 Програми и статус ... 9
5.2 Упис на студенти ... 10
5.3 Стапка на преодност ... 11
5.4 Дипломирање на студентите ... 12
5.5 Центар за кариера и вработување ... 12
5.6 Асоцијација  на поранешни студенти (алумни) ... 13
6. Истражување ... 14
6.1 Институт за истражување „Макс ван дер Штул“ ... 15
6.2 Институт за животна средина и здравје ... 15
6.3 Меѓународни односи ... 16
7. Претприемништво и развој ... 17
8. Финансирање ... 18
9. Средина на Кампусот и услуги ... 18
9.1 Поддршка за студентите ... 18
9.2 Технички капацитети и логистика ... 19
9.3 Центарот во Скопје ... 20
9.4 Човечки ресурси ... 20
9.5 Информациски системи ... 21
9.6 Библиотека ... 22
9.7 Студентски парламент ... 23
9.8 Спорт и рекреација ... 23
10. Заклучок ... 25
Членови на комисијата за самоевалуација ... 26

# 1. Вовед

Во овој извештај е опфатен периодот од 1 септември 2016 год. до 31 август 2017 год . Во текот на овој период Универзитетот на Југоисточна Европа ја прослави својата 15 годишнина.

Универзитетот на Југоисточна Европа нуди три циклуси на студии во петте примарни области на студии претставени во составните факултети: Бизнис и економија, Современи науки и технологии,Јазици, култури и комуникација, Правен и Јавна администрација и политички науки. На Универзитетот има два кампуси : првиот , поголемиот и е лоциран во Тетово и вториот е лоциран во главниот град во Скопје. Додека повеќето од студентите на додипломски студии се од Република Македонија, Универзитетот на Југоисточна Европа продолжува да привлекува голем број студенти на магистерски и на докторски студии и земјите од блискиот регион.

Универзитетот има повеќе иницијативи за да го прошири своето локално влијание и да влијае на непосредната заедница во која работи. Технолошкиот парк на УЈИЕ има за цел да им даде на *start-up* бизнисите почетна можност да ги развијат своите истражувања и идеи додека имаат пристап до универзитетските ресурси и заедницата. Центарот за е-учење на УЈИЕ го координира сето електронско учење и учење од далечина за Универзитетот, а во периодот опфатен со овој извештај го префрли електронскиот систем за управување на учењето во Гугл училница (*Google Classroom)*. Јазичниот центар обезбедува настава за јазиците и тестирање за сите студенти на додипломски студии, без оглед на програмата, што помага на Универзитетот да функционира политиката за „флексибилна употреба на јазиците“.

И покрај успесите, Универзитетот продолжува да се соочува со предизвикувачка средина за високо образование. Генерациите за запишување во периодот на подготвување на овој извештај се родени во 1999 или 2000 година, што беа години на тензии во Република Македонија, а со тоа има и намалување на наталитетот. Слично на ова, емиграцијата дополнително го намалува бројот на студентите кои бараат да се запишат во високообразовните институции. Повеќе државни универзитети продолжуваат да работат во Република Македонија, како и дисперзирани програми кои произлегуваат од нив во помалите градови, како и значителен број на приватни образовни колеџи, што резултира со значителна конкуренција за студентите.

И покрај тоа што предизвиците со кои се соочуваат УЈИЕ треба да се исполнат со креативност и решителност, доказите се цврсти што УЈИЕ останува доследен на својата мисија и нејзината посветеност на квалитетно образование. УЈИЕ останува највисоко рангираниот недржавен универзитет во Република Македонија, а највисоко рангиран универзитет кој нуди значајни образовни понуди на албански јазик. Во периодот опфатен со овој извештај Владата на Република Македонија повторно ги препозна и поддржа активностите на УЈИЕ со дарежлива донација од 500.000 евра. УЈИЕ продолжува да нуди меѓународни стандарди за образование без оглед на мајчиниот јазик, религиозната исповед, политичките убедувања, полот или етничката припадност. Тоа останува место каде што се среќаваат луѓе од различно потекло, и националности кои работат заеднички за да ги подготват учениците за предизвиците на иднината. Притоа, УЈИЕ останува конзистентен и со тековните педагошки потреби, како и со оригиналната визија за основање на Макс ван дер Штул.

# 2. Достигнувања

Во периодот опфатен со овој извештај, значајниот придонес на Универзитетот на Југоисточна Европа кон високото образование беше признаен и поддржан од Владата на Република Македонија, која великодушно обезбеди финансиска субвенција од 500.000 евра. Овие пари овозможија Универзитетот да ја продолжи програмата за стипендирање на студентите, со што финансиската

поддршка е поврзана со претходниот академски успех во средното училиште. Ова има за цел да ги донесе најдобрите студенти во  УЈИЕ, без оглед на економските околности на нивните семејства.

УЈИЕ, исто така, продолжува да биде место каде што меѓународните партнери и гости се среќаваат за да разговараат за прашања од образовно и политичко значење. Во периодот на овој преглед Универзитетот беше почестен да биде домаќин на амбасадорите на Европската унија, Франција, Германија, Италија, Холандија, Полска, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави. Дополнително, гостите и претставниците на основачките партнери, како што е ОБСЕ, продолжија да го посетуваат  и да го покажат својот интерес и посветеност на УЈИЕ.

Универзитетот ја задржа својата посветеност на слободната размена на идеи и истражувања и беше домаќин на бројни конференции, симпозиуми, семинари и работилници во периодот од септември 2016 до август 2017 година. Обемот на овие собири укажува на широчината на интелектуалната активност на УЈИЕ: Универзитетот во овој период организираше конференции на тема: „Градење  мостови меѓу деловните истражувања и потребите на индустријата“, „Борба против насилниот екстремизам на Балканот“, „Младите Албанолози: предизвиците на албанологијата на почетокот на 21 век“ и  „Меѓународната конференција за реформи во правосудството и антикорупциска практика“. Покрај тоа, студентите на Правниот факултет ја организираа својата прва студентска конференција за  правото, собир кој тие имаат намера да го повторуваат еднаш годишно.

Во април 2017 година, УЈИЕ потпиша меморандум за разбирање со Министерството за образование на Косово и Министерството за образование во Македонија. Документот беше лично потпишан на свечената церемонија од ректорот на УЈИЕ, Замир Дика, и од соодветните министри за образование . Намерата на оваа соработка е да се обезбедат стипендии за студентите кои се запишуваат во заедничката програма понудени од УЈИЕ и Универзитетот во Љубљана - во областа на европските студии.

Исто така продолжи соработката на УЈИЕ со меѓународните организации, особено со продолжувањето на проектот „Деца со пречки во видот“, спроведен од  УЈИЕ, спонзориран од Меѓународната фондација на Лајонс Клубот и УСАИД. Овој проект е наменет за откривање на визуелни оштетувања кај децата на училишна возраст во Република Македонија и за олеснување на образовниот пристап за децата со оштетен вид. Проектот се спроведува во центри низ целата територија на Македонија, а обновувањето на втората фаза од проектот значително ја зголемува великодушната финансиска поддршка што ја даваат донаторите.

Универзитетот исто така беше почестен да ја додели почесната докторска титула *honoris causa* на еден од основачите на Универзитетот на Југоисточна Европа, проф. Јан де Гроф.

## 3. Структура: Факултети и центри

Универзитетот на Југоисточна Европа функционира на два кампуса во Тетово и во Скопје. Внатрешната академска структура е иста како во претходните години со пет факултети:

- Факултет за бизнис и економија;
- Факултет за современи науки и технологии;
- Факултет за јазици, култури и комуникација;
- Правен факултет ; и
- Факултет за јавна администрација и политички науки.

Со исклучок на предавањата за јазиците (кои ги изведува Јазичниот центар), предавања за ИТ (обезбедени од Ценатрот за е-учење), и „слободните изборни предмети“(достапни за неколку области), студентите генерално се запишуваат на својот избран факултет. Истражување изведуваат индивидуални студенти и членови на кадарот; колективното истражување вообичаено е во рамките на факултетот или под покровителство на истражувачките институти (Макс ван дер Штул и Институтот за животна средина и здравје) и Канцеларијата за истражување.

## 3.1. Факултет за бизнис и економија

Факултетот за бизнис и економија и понатаму е најголемиот факултет на Универзитетот, како во однос на запишувањето на студентите, така и однос на бројот на академскиот кадар. Факултетот нуди настава во сите три циклуса, со три програми во првиот циклус, девет програми во вториот циклус и со две програми во третиот циклус. Факултетот за БЕ акредитираше две специјализирани програми во овој период: Професионален менаџмент на продажба и  Професионален менаџмент со логистика и синџир на набавка. На Факултетот во оваа академска година, покрај централниот процес на опсервација на наставата, беше иницирван и процес на меѓуколегијлна опсервација.

Факултетот за БЕ е активен во многу области во периодот опфатен со овој извештај. Факултетот ја основа Бизнис-академијата, со претставници од локалните претприемачи и стопанството, заедно со претставниците на УЈИЕ, за продлабочување на соработката меѓу академијата и бизнисот. Факултетот беше домаќин на конференција во февруари 2017 година, насловена како „Градење мостови меѓу деловните истражувања и потребите на стопанството“, која привлече гости од Македонија, Албанија, Косово, Грузија, Украина и од други европски земји. Факултетот учествуваше и во регионалниот проект „Инклузија базирана на менторство на студиските програми за бизнис и економија со регионален фокус на Западен Балкан“, проект предводен од Универзитетот во Падерборн, а во соработка со универзитетите во Ниш и во Сараево. Факултетот за БЕ организираше две тркалезни маси, „Образование за вработување“ и „Динамиката на ангажирањето на жените во социоекономскиот живот: случајот на Македонија“. Конечно, факултетот е задоволен што беше домаќин на проф. Пол Коку од Универзитетот Флорида Атлантик, кој предаваше на Факултетот за БЕ и помогна во основањето на „Клубот на идни бизнис лидери“.

## 3.2. Факултет за современи науки и технологии

На Факултетот за современи науки и технологии и понатаму се нудат предавања на трите циклуса на студии со примарен фокус на компјутерските и технолошките области и вештини. Продолжувајќи ги најновите трендови, Факултетот за СНТ, компаративно, задржа висока стапка на преодност (додипломски студии во просек од 82%), а и водечка стапка на вработување на ниво на Универзитет (65.6%). Уписот на ФСНТ во академската 2016-2017 година беше повисок од претходната академска година.

Покрај предавањата и лабораторија, главниот фокус на Факултетот за СНТ во периодот на подготвување на овој извештај беше 1) градење посилни односи со локалниот и меѓународниот бизнис и со претприемничките заедници и 2) зголемување на меѓународниот профил на програмите на СНТ, предавачите, студентите и поранешните студенти. За поддршка на овие цели, СНТ работеше во соработка со Технолошкиот парк на УЈИЕ и имаше 15 членови од кадарот кои учествуваат во меѓународни конференции во нивната област на истражување. Двајца од кадарот на СНТ учествуваа во програмата за развој на кадарот на Универзитетот во Киел. На крајот, СНТ продолжи да служи како партнер во проектот финансиран од Швајцарија „Зајакнување на улогата на источно европските производствени места за производство на мрежи: Влијанието на апсортивните капацитети“.

## 3.3 Факултет за јазици, култури и комуникација

Факултетот за јазици, култури и комуникација (ФЈКК) и понатаму реализира настава во сродните области јазик, превод, настава и комуникациски студии. Факултетот е единствен на Универзитетот по тоа што е составен на четири формални оддела: Одделот за албански јазик и литература (последипломски студии); Одделот за англиски јазик и литература; Одделот за германски јазик и литература и Одделот за меѓународни комуникации.

Во периодот на овој извештај, на ФЈКК се забележени најголем број студентски размени преку програмата за мобилност Еразмус на ниво на Универзитетот. 13 студенти од ЈКК поминаа еден семестар во странство, присуствувајќи на универзитетите во Калабрија, Далара, Грац, Хајделберг, Клагенфурт, Љубљана и Марибор. Факултетот и понатаму соработува со Универзитетот ЦУГ во Швајцарија, и во однос на размената на студенти и во однос на продолжување на проектот за автономија на студентите во високото образование, а чија цел е развивање алатка за самооценување за мерење на автономијата за учење јазик. Кадарот на ФЈКК учествуваше и во академската мобилност и одржа висока стапка на објавување во нивните релевантни академски списанија.

## 3.3. Правен факултет

Правниот факултет нуди настава од областа на правните студии и криминалистика во првиот циклус на студии, со понуда која се проширува во вториот и третиот циклус за вклучување на казнено, граѓанско право и студии за безбедност. Фокусот на Правниот факултет е на продуктивно соединување на теоретско разбирање, историски контекст и применета практика.

Во текот на пишувањето на овој извештај , Правниот факултет (со Институтот за научно истражување „Макс ван дер Штул“) организираше меѓународна конференција на тема „Судските реформи и антикорупциските практики: предизвици, перспективи и размена на искуства"; Покрај тоа, студентите на Правниот факултет организираа своја прва годишна студентска конференција. Факултетот дизајнираше (во соработка со Факултетот за компјутерски науки) магистерска програма за превенција на компјутерскиот криминал. Студентите на Факултетот успешно учествуваа во Судскиот совет за кривични дела од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Студентите на Правниот факултет, исто така, учествуваа во активностите за запишување на студенти на Отворениот ден, со одржување на демонстративно судско рочиште. Факултетот потпиша Меморандум за разбирање со Министерството за правда за спроведување на програма за подготовка на испитот за БАР. Конечно, Правниот факултет, исто така, продолжи со пионерски напори да обезбеди настава по турски јазик за студенти со турски државјанство и изгради ефикасна инфраструктура за внатрешна поддршка за студентите од Турција.

## 3.4. Факултет за јавна администрација и политички науки

Факултетот за јавна администрација и политички науки обезбедува настава во овие сродни области во сите три циклуси на студии. За време на периодот на овој извештај, Факултетот го задржа највисокото ниво на преодност на студентите на Универзитетот, како и највисокиот процент на навремено дипломирање. Факултетот ги смета овие показатели за особено важни индикации за образовниот успех.

Во академската 2016-2017 година, Факултетот за ЈАПН спроведе значаен преглед на наставните програми, вклучувајќи ја и реакредитацијата на програмите засновани на надворешната ревизија и внатрешното набљудување на недостатоците и можностите. Факултетот, ги ревидираше и задолжителните предмети на магистерските студии за целите на мапирање на наставните програми, а беше направено и значително ревидирање на студиската програма за политички студии (за да се постигнат повеќе надворешни и практични елементи). Академскиот кадар од ФЈАПН е ангажиран во

меѓународната размена, еден член од кадарот оди во Љубљана, а еден професор од Љубљана во посета на ФЈАПН. Конечно, голема иницијатива на Факултетот за ЈАПН беше обидот да се изградат посилни механизми за поддршка на студентите, кои вклучуваат консултации и соработка со Центарот за кариера, како и со воспоставување одредници на достигнувања за утврдување на стандардите на факултетите за стапките за преодност.

## 3.5. Јазичен центар

Преку Јазичниот центар (ЈЦ) на УЈИЕ се обезбедуваат сите предавања за јазиците на Универзитетот (за кои не се зема диплома). Вработените од ЈЦ им предаваат на студентите од сите факултети, за поддршка на мисијата на Универзитетот за јазична еднаквост и на политиката за флексибилна употреба на јазиците. ЈЦ е една од најголемите компоненти на Универзитетот во однос на бројот на вработени и ја споделува со Центарот за е-учење карактеристиката во служењето на речиси сите студенти на УЈИЕ за време на нивната академска кариера.

Во периодот на овој преглед, примарниот фокус на Јазичниот центар е предавањето. Вработените затоа имаат обемен распоред на предавања, покрај тоа што организираат тестови за владеење на јазиците во 2, 3 и 5 семестар. Како истражувачи, вработените од ЈЦ и понатаму се едни од најпродуктивните на Универзитетот, со 13 труда објавени во меѓународни списанија, 8 во национални списанија, 16 презентации на меѓународни конференции, 8 презентации на национални конференции и 1 учество во меѓународен истражувачки проект. ЈЦ служи и како значаен извор на заедничка работа и генерирање приходи, преку обезбедување на предавања за вработените во Амбасадата на САД, за нашите студенти на УЈИЕ-Ромаверзитас и за настава по англиски јазик на Студјеса Петрол. Дополнително, како и во изминативе години, ЈЦ беше водечки елемент во институционалниот упис на студентите и во планирањето на ориентационите денови, имајќи го предвид и учеството во посети на средношколци; организирањето на Јазичниот саем за Отворен ден; помошта во Мировниот Корпус и во Црвениот крст во Охрид за националното финале за пишување во Кампусот во Скопје, како и континуираното учество на ЛЦ на прославите за „Неделата на италијанскиот јазик“ и во проектот „Ајде да зборуваме“ за унапредување на вештините за зборување на студентите.

## 3.6. Центар за е-учење

Центарот за е-учење има две главни одговорности: ги олеснува и ги следи севкупните онлајн предавања и задачи за сите три циклуса и обезбедува обука за студентите и за вработените за технологијата, компјутерите и за компјутерските вештини. Преку директното делување на вработените на Центарот за е-учење, во периодот опфатен со овој извештај се активираше целата низа универзитетски предмети на Гугл училница (*Google Classroom*) и беше обезбедена и обука за академскиот кадар во однос на тоа како да се максимизираат вредностите на оваа платформа.

Центарот за е-учење обезбедува поддршка и помош за повеќето активности на Универзитетот кои се однесуваат на компјутерите во училницата или на работата од дома. Во периодот опфатен со овој извештај, другите активности на Центарот за е-учење вклучуваат обезбедување предавања на вработените, на доброволна основа, за обука за: *ECDL, Google Docs* и *Google Drive*. Центарот за е-учење обезбеди и предавања на студентите на УЈИЕ во контекст на бесплатни изборни понуди за предметите за напредни ИТ-вештини, напреден Ексел, одбрани поглавја во ИТ-апликации и апликации за обработка на статистички податоци. Центарот презеде и водечка улога за поврзување со заедницата и за настава преку обезбедување обука за локалните професори и ученици од средните училишта, осигурувајќи позитивен маркетинг за Универзитетот.

# 4. Обезбедување квалитет

Канцеларијата за обезбедување квалитет на Универзитетот (Канцеларија за ОК) се грижи за обезбедување квалитет во сите активности на Универзитетот, концентрирајќи се на подигнување на стандардите, препознавање на достигнувањата и на промовирање позитивна култура и култура на соработка.

За да се поддржат ефикасното учење и ефикасната настава, Канцеларијата за ОК успешно ја заврши двогодишната програма за опсервација на наставата на сите факултети, со индивидуални повратни информации кои се обезбедени за сите опсервирани членови на кадарот и се користат при менаџерската евалуација. Уште еден инструмент за ОК се користи на Факултетот за јавна администрација и политички науки. Со процесот за оценување на наставата беа собрани релевантните информации од студентите за двете критични карактеристики на секој предмет: што е добро во однос на конкретниот предмет, поврзано со учењето и наставата, и што може да се подобри. Покрај овие информации, во текот на наставата, студентите беа охрабрувани, на позитивен и конструктивен начин, да го изложат своето мислење за различни прашања поврзани со нивните студии. За резултатите беше дискутирано со секој професор одделно, со факултетот и со универзитетскиот менаџмент со цел да се вклучат во планирањето на активностите.

Напорите на Канцеларијата за ОК за континуирано подобрување на наставата и учењето како клучни елементи на активностите на Универзитетот вклучуваат и обезбедување обука прилагодена на клучните развои во однос на оценувањето, дигитализацијата и методологијата и ориентацијата на новопримените предавачи. Активностите во рамките на ориентационата недела за новозапишаните студенти беа планирани и организирани од Канцеларијата за ОК.

Канцеларијата за ОК е вклучена во стратегискиот менаџмент на Универзитетот преку поддршка на планирање на активностите на ниво на факултетот со следење на напредокот и постигнувањата. Исто така, осигурува дека препораките од надворешните консултанти се инкорпорирани и активно се користат за развој, заедно со вклучувањето на меѓународните трендови. Анализата на податоци и пријавувањето од различни процедури – како што е студентската евалуација на академските курсеви и услуги, опсервацијата на наставата, како и евиденцијата за обука – придонесуваат за успешна имплементација на клучните процеси за управување со перформансите. Дискусиите и препораките од можностите за висококвалитетни обуки организирани од Канцеларијата за ОК во јануари и во август беа користени како основи за воспоставување стандарди за академски и административни перформанси, како и за модификација и подобрување на постојните процедури за мерење на квалитетот.

Канцеларијата за ОК се стреми да ја промовира високата вредност на културата за квалитет воспоставена на Универзитетот што ја разликува од другите високообразовни институции во земјава и во поширокиот регион.

# 5. Предавање и учење

## 5.1 Програми и статус

Во текот на периодот на оваа евалуација на УЈИЕ функционираат студиите од првиот, вториот и од третиот циклус на студии на сите пет факултети на Универзитетот.

За магистерските и за докторските програми потребно е предавање на час, а подоцна и теза која се истражува и се брани преку формален јавен устен испит. Сите магистерски и докторски тези се

менторираат од ментори акредитирани од Министерството за образование на Република Македонија и секогаш се вработени на УЈИЕ.

Со долунаведените податоци се оценува животниот циклус на студентите од запишување до дипломирање.

## 5.2 Упис на студенти

Во Табелата 1 се прикажани вкупните податоци за уписи за академските години 2014-2015 и 2016-2017. Како што може да се види од Табелата 1, вкупниот број уписи е намален меѓу академските години 2015-2016 и 2016-2017, иако во 2016-2017 година има малку повисок упис од академската година 2014-2015. Општите флуктуации се конзистентни со запишување на околу 1000 студенти секоја академска година, со позитивни отстапувања од околу 20-100.

| **Академска година** | **Упис** |
|---|---|
| 2014/2015 | 1011 |
| 2015/2016 | 1114 |
| 2016/2017 | 1026 |
| **Вкупно** | **3151** |

**Табела 1. Вкупно уписи по академска година**

Во Графиконот 1 се прикажани податоците за запишување според јазикот на студирање. Податоците покажуваат неколку јасни трендови. Наставата на албански јазик и понатаму е најпопуларната академска понуда на Универзитетот. Понудите на англиски јазик остануваат на силно второ место, при што приближно еден од петте студенти на УЈИЕ избираат да продолжат на англиски јазик. Загрижувачки се понудите на македонски јазик кои и понатаму се на трето место, што има последователни импликации за вработување, распределба на ресурсите, планирање и во поголема смисла, за остварување на мисијата на Универзитетот за јазична еднаквост и паритет.




**Графикон 1. Вкупен број запишани студенти**

Во Табелата 2 се прикажани вкупните уписи од факултетот за последните три години. Како што може да се забележи, на сите факултети има пад во запишувањето помеѓу 2015-2016 и 2016-2017 година, со исклучок на Факултетот за јазици, култури и комуникација. За повеќето факултети, уписот за 2016-2017 година беше сличен на уписот од 2014-2015 година, со исклучок на ФЈАПН (зголемување од 34 запишувања), ФЈКК (зголемување од 41 студенти) и Правен факултет (намалување од 50 студенти).

| Факултет | 2014-2015 | 2015-2016 | 2016-2017 |
|---|---|---|---|
| **ФБЕ** | 252 | 281 | 253 |
| **ФСНТ** | 169 | 166 | 158 |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 249 | 234 | 199 |
| **ФЈКК** | 177 | 209 | 218 |
| **ФЈАПН** | 164 | 224 | 198 |
| Вкупно | 1011 | 1114 | 1026 |

**ТАБЕЛА 2. ВКУПНО УПИСИ ПО ФАКУЛТЕТИ**

## 5.3 Стапка на преодност

Преодноста на студентите е еден од клучните индикатори за институционален успех на Универзитетот. Податоците содржани во табелите 3 и 4 се податоците за преодност за генерациите студенти од академските години 2014-2015 и 2015-2016. Како што може да се забележи од податоците, Универзитетот ја задржува стапката на преодност од околу 80% по првата година на студии, која се намалува приближно на 70% преодност по втората година.

| **Генерација 2014-2015** | **Упис на редовни студенти 2014-2015** | **Преодност 2015-2016** | | **Преодност 2016-2017** | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Факултети** | **Студенти** | **Преодност во 2 год** | **%** | **Преодност во 3 год** | **%** |
| БЕ | 149 | 120 | 80.54% | 101 | 67.79% |
| СНТ | 110 | 83 | 75.45% | 74 | 67.27% |
| ПРАВЕН | 177 | 142 | 80.23% | 125 | 70.62% |
| ЈКК | 123 | 99 | 80.49% | 88 | 71.54% |
| ЈАПН | 93 | 83 | 89.25% | 74 | 79.57% |
| **Вкупно** | **652** | **527** | **80.83%** | **462** | **70.86%** |

**ТАБЕЛА 3. ПРЕОДНОСТ ЗА 2014-2015**

| **Генерација 2015-2016** | **Упис на редовни студенти 2015-2016** | **Преодност 2016-2017** | | **Преодност 2017-2018** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Факултети | **Студенти** | **Преодност во 2 год** | **%** | **Преодност во 3 год** | **%** |
| **ФБЕ** | 167 | 130 | 77.84% | 120 | 71.86% |
| **ФСНТ** | 108 | 91 | 84.26% | 68 | 62.96% |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | 146 | 123 | 84.25% | 109 | 74.66% |
| **ФЈКК** | 115 | 89 | 77.39% | 81 | 70.43% |
| **ФЈАПН** | 124 | 110 | 88.71% | 95 | 76.61% |
| **Вкупно** | **660** | **543** | **82.27%** | **473** | **71.67%** |

**ТАБЕЛА 4. ПРЕОДНОСТ ЗА ГЕНЕРАЦИЈАТА 2015/16**

По факултети, Факултетот за јавна администрација и политички науки постојано има највисоки стапки на преодност на студентите, додека најниска стапка на преодност по годините е забележана на Факултетот за современи науки и технологии.

## 5.4 Дипломирање на студентите

Во Табелата 5 и во Графиконот 2 се прикажани податоци поврзани со навременото дипломирање. Овие графикони покажуваат стапка на навремено дипломирање по факултети за генерацијата 2014-2015. Навременото дипломирање е дефинирано како процент на студенти кои ги завршуваат своите студии во тригодишен период според академската наставна програма. Податоците покажуваат дека највисоката стапка на дипломирање за оваа група беше достигната од Факултетот за јавна администрација и политички науки со 40,58%; најниска стапка на навремено дипломирање за таа генерација беше достигната од Факултетот за современи науки и технологии, со 5,45%. Просекот на Универзитетот е разочарувачки низок 28,12%, што значи дека на секои 10 запишани студенти, статистички помалку од три веројатно ќе дипломираат навреме.

| **Факултети** | **Уписи** | **Дипломирани** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| **ФБЕ** | 149 | 55 | 36.91% |
| **ФСНТ** | 110 | 6 | 5.45% |
| **Правен факултет** | 177 | 38 | 21.47% |
| **ФЈКК** | 123 | 41 | 33.33% |
| **ФЈАПН** | 138 | 56 | 40.58% |
| **Вкупно** | **697** | **196** | **28.12%** |

**Табела 5. Стапка на навремено дипломирање за генерацијата студенти 2014-2015**




| | BAE | CST | LAW | LCC | PAPS | Total |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Enrollment | 149 | 110 | 177 | 123 | 138 | 697 |
| Graduated | 55 | 6 | 38 | 41 | 56 | 196 |
| Percent | 36.91% | 5.45% | 21.47% | 33.33% | 40.58% | 28.12% |

**Графикон 2. Навремено дипломирање по факултети за генерацијата студенти 2014-2015**

## 5.5 Центар за кариера и вработување

Центарот за кариера на УЈИЕ е главното универзитетско тело кое на студентите им помага за пазарот на трудот. Така, Центарот за кариера го надгледува исполнувањето на потребните студентски практикантски работи и се обидува да воспостави односи со заедницата за да овозможи дополнителни можности за стажирање. Центарот организира и годишен Саем за кариера, на кој

локалните и националните компании и НВО ангажираат тековни и поранешни студенти на УЈИЕ. Дополнително, Центарот за кариера обезбедува помош за вештини за работа (упатство за пишување биографија, практика за интервју за работа итн.) и ги дистрибуира известувањата за слободните работни места. Конечно, Центарот за кариера спроведува истражувања за вработување со речиси дипломираните студенти, за да ги процени можностите за вработување и тешкотиите на дипломираните студенти на УЈИЕ (истражувања од кои се добиени најголемиот дел од податоците во овој дел).

Податоците покажуваат дека севкупната стапка на вработеност на дипломираните студенти за 2015 година (најновата група на анкетирани дипломци) е 41%, но тука недоволно е претставена сегашната ситуација, бидејќи дополнителни 7% се изјасниле дека се невработени по избор (обично поради семејни причини) и дополнителни 16% се изјасниле дека ќе продолжат со студиите на УЈИЕ или на друго место. Така, се проценува дека ефективната стапка на невработеност на дипломираните студенти најверојатно е 36%, од кои 25% се пријавуваат како невработени, а 11% се изјасниле дека продолжуваат со студиите поради невработеност.

Кога се разгледуваат одделни факултети, највисоката стапка на невработеност во однос на дипломирањето се забележува на Правниот факултет, со 58% невработеност. Факултетот за јазици, култури и комуникации ја има втората највисока стапка на невработеност кај дипломираните студенти, односно 52%. Факултетот за јавна администрација и политички науки има стапка на невработеност од 48%, додека Факултетот за современи науки и технологии од 34%. Најниската стапка на невработеност е потврдена од Факултетот за бизнис и економија, со што е евидентирана стапка на невработеност од 31%.

Кога се испитуваат на индивидуално ниво, машките дипломирани лица пријавуваат пониска стапка на невработеност (44%) отколку женските дипломирани (51%). Постои забележителна разлика меѓу етничките групи: дипломираните студенти од албанска етничка припадност имаат стапка на невработеност од 51%; дипломираните студенти од македонска етничка припадност имаат стапка на невработеност од 31%, а дипломците од други етнички групи имаат стапка на невработеност од 65%.

Разочарувачки, академскиот успех не е во корелација со можностите за вработување. Меѓу анкетираните, оние дипломирани студенти со кумулативен просек на оценки од 6 имале стапка на вработеност од 53%, додека оние дипломирани студенти со кумулативен просек од 9-10 имале стапка на вработеност од 44%.

Треба да се напомене дека сите овие податоци произлегуваат од самоизвестувањето од дипломираните студенти кои избрале да одговорат на анкетите од Центарот за кариера и не можат независно да се верификуваат за точноста без да се нарушат приватноста и доверливоста на дипломираните студенти.

## 5.6 Асоцијација на поранешни студенти (алумни)

Асоцијацијата на алумни не постои, освен како тело предвидено во статутите на Универзитетот. Ова претставува значајна изгубена можност за Универзитетот и за самите алумни, како што беше забележано и со неодамнешните посети на експертскиот тим од Европската асоцијација на универзитети (ЕУА).

Придобивките од активна асоцијација на алумни се значителни. Како успешни дипломци тие се најефикасните амбасадори на институцијата. Тие можат да обезбедат вистински увид во недостатоците во вештините во нашите сегашни наставни програми и да дадат препораки за идниот развој на наставните програми. Алумните потенцијално се и корисен соработник во стажирањето и

ангажирањето на активностите на Универзитетот, бидејќи УЈИЕ се обидува да им помогне на студентите во исполнувањето на нивните практикантски работи и во наоѓање на вработување. Работодавците на алумни, пак, ќе имаат подготвен извор на квалификувани студенти кои дипломираат, и ќе ги знаат очекуваните вештини од потенцијалните ангажирани.

Тековното непостоење на која и да било активна асоцијација на алумни можеби е најзначајниот институционален неуспех на Универзитетот на Југоисточна Европа.

## 6. Истражување

Во најскорото рангирање на Шангајско рангирање на „Џио Тонг", Универзитетот на Југоисточна Европа беше второрангиран во Република Македонија за истражување (по поголемиот Универзитет „Св. Кирил и Методиј"). Овој резултат сведочи за големиот приоритет кој се дава на извонредноста во истражувањето од УЈИЕ, како и на тековните јаки страни на магистерските и докторските програми кои се потврдени регионално за изворедни според квалитетот .

Канцеларијата за истражување е примарна канцеларија за координација и поддршка на истражувањето на Универзитетот. Како таква, таа обезбедува администрација на финансирањето на истражувања (како што е наведено подолу); ја олеснува работата на Централниот комитет за истражување; обезбедува правилно разгледување и објавување на научниот магазин *SEEU Review*; обезбедува насоки за вработените и студентите за најсоодветно научно место за презентирање и објавување на нивната работа; обезбедува усогласеност со обврските на *HRS4R* на Универзитетот; обезбедува анализа и процена на податоците од Базата на податоци за истражување; помага во предлози за грантови и апликации за проекти и генерално обезбедува истражувачка поддршка, совети и помош.

УЈИЕ е пионер во методот за финансирање истражувања уникатен на Балканот. Сите редовни членови на академскиот кадар на УЈИЕ имаат право на поддршка на истражувањата до 700 евра за присуство на конференции, превод или уредничка помош или за други трошоци поврзани со истражувањето. Во периодот опфатен со овој извештај, Канцеларијата за истражување (под надлежност на провостот) одобри 56.505 евра за поддршка за истражување, дистрибуирани на следниов начин: Факултетот за бизнис и економија - 16.177 евра; Факултетот за современи науки и технологии - 10.197 евра; Правниот факултет - 6.857 евра; Јазичниот центар - 10.309 евра; Факултетот за јазици, култури и комуникации - 6.560 евра и Факултетот за јавна администрација и политички науки - 6.405 евра. Оваа поддршка резултираше со присуство на кадарот на конференции на три континенти (Европа, Азија и Северна Америка), а, всушност, значи дека сите академски кадри можат да исполнат минимална договорна продуктивност на истражувањето.

Канцеларијата за истражување го печати и научниот магазин *SEEU Review* под *DeGruyter*, водечка издавачка куќа со отворен пристап на научни материјали. Ова списание со меѓуколегијална ревизија (*double-blind*) е една од главните истражувачки публикации каде што се објавуваат академски трудови на англиски јазик во Република Македонија.

За време на периодот опфатен со овој извештај, Централниот комитет за истражување оствари средби четирипати и обезбеди анализи за истражување за 19 членови од кадарот во процесот на избор во звања.

Во академската 2017-2018 година, Универзитетот на Југоисточна Европа беше домаќин на повеќе конференции, меѓу кои беа и следниве: „Градење мостови помеѓу деловните истражувања и потребите на индустријата", „Борба против насилниот екстремизам на Балканот", „Младите албанолози: предизвиците на албанологијата на почетокот на 21. век", „Меѓународна конференција за

реформи во правосудството и антикорупциска практика“ и „Мултикултурализам и јазичен контакт“, коорганизирана од Институтот за истражување „Макс ван дер Штул“ и Центарот за ареална лингвистика на Македонската академија на науките науките и уметностите.

## 6.1 Институт за истражување „Макс ван дер Штул“

Институтот за истражување „Макс ван дер Штул“ (ИИМВДШ) е основно организационо тело на Универзитетот на Југоисточна Европа за конференциска организација. Покрај тоа, е водечки агент за соработка и кооперативно истражување во рамките на Универзитетот, особено преку механизмот на своите истражувачки групи. Општите области на интердисциплинарното истражување за ИИМВДШ се дипломатија, превенција и управување со конфликти, културни студии и политички науки.

За време на периодот опфатен со овој преглед, ИИМВДШ беше домаќин на три главни конференции. Во февруари 2017 година, Институтот одржа конференција на тема „Насилниот екстремизам во Западен Балкан: надворешното влијание и локалните лидери“, кодомаќин на конференцијата беше Програмата за градење мир и човекови права на Универзитетот Колумбија во САД. На конференцијата се собраа околу 100 научници, дипломати и експерти од Македонија, од други балкански земји и од САД. Второ, во август 2017 година, ИИМВДШ во соработка со Центарот за ареална лингвистика на Македонската академија на науките и уметностите за одржување на конференцијата на тема „Мултикултурализам и јазичен контакт“. На оваа дводневна конференција, која еден ден се одржа на УЈИЕ во Тетово и еден ден во Скопје во МАНУ, се состанаа околу 30 експерти од далечни земји како САД и Руската Федерација, а беа претставени неколкумина од најистакнатите лингвисти во областа на балканските јазици. Трето, ИИМВДШ во соработка со Правниот факултет беше домаќин на конференцијата на тема „Судските реформи и антикорупциската практика“.

Покрај конференциската организација, ИИМВДШ организираше и серија истражувачки форуми со истакнати гости предавачи. Меѓу оние кои се обратија на овие форуми во академската година 2016-2017 беа д-р Кристина Крамер од Универзитетот во Торонто, која се осврна на „Подвижниот лингвистички пејзаж“; Професорот Џејмс Петифер од Универзитет Оксфорд, кој зборуваше за „Велика Британија и Југоисточна Европа по Брегзит“ и колаборативен форум со говорници од УЈИЕ, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Фондацијата „Фридрих Еберт“ на тема надворешните односи на Република Македонија.

ИИМВДШ помогна и во подготовката на бројни апликации за проекти како одговор на одредени повици (од УСАИД, Европската комисија, УНЕСКО итн.). Меѓу овие проекти, Институтот аплицираше за претседавач на „Жан Моне“ во областа на меѓународните односи на Западен Балкан, а се приклучи на Европската мрежа на сеќавање и солидарност во апликацијата „ *In Between*“, меѓународен академски проект.

Ја подготви и ја аплицираше апликацијата за Прекуграничната програма за Република Македонија - Албанија под Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) (*Reference: EuropeAid / 152956 / DD / ACT / MK*), со предлогот на ИИМВДШ: „Интеракција на културното наследство во Југоисточна Албанија и Југозападна Македонија, преку имплементација на 3D иновативни техники во археолошките локалитети, помагање на лицата со оштетен вид".

## 6.2 Институт за животна средина и здравје

Институтот за животна средина и здравје (ИЖСЗ) е Институт за истражување на Универзитетот на Југоисточна Европа кој е задолжен за грижа за животната средина, со што се намалува атмосферското влијание и се промовира еколошката одговорност. Се наоѓа во зградата за одржлива енергија на

Кампусот во Тетово и дава општа поддршка за еколошки одржлив развој, без разлика на тоа дали е преку помош на Општината Тетово за создавање климатски акционен план, преку застапување и надгледување на конверзијата на капацитетите на УЈИЕ во повеќе енергетско- ефикасни технологии, како и преку обезбедување докторска настава и менторство во сродни области.

Во текот на периодот опфатен со овој извештај, ИЖСЗ водеше повеќе иницијативи. Институтот продолжи со реализација на проектот НОРМАК за енергетска ефикасност. Проектот продолжи со ограничен период, за да аплицира за дополнително финансирање по уште шест месеци. Второ, Институтот го спроведе истражувачкиот проект поддржан од Министерството за животна средина и просторно планирање во врска со „Истражување, проектирање и реализација на пилот-проектот за мерење на климатските параметри преку мрежа на мобилни самоодржливи мерни станици со визуелизација на измерените вредности“. Конечно, Институтот започна подготовки за теренска работа на Министерството за животна средина и просторно планирање, еден за загадувањето на воздухот во Кичево и во Кавадарци и еден во врска со прогласувањето на Шар Планина за национален парк.

## 6.3 Меѓународни односи

Од самиот почеток, Универзитетот на Југоисточна Европа беше меѓународен во ориентацијата, мисијата и фокусот. Основните средства во голема мера беа обезбедени од меѓународни организации или од поединечни држави, а иницијативата за Универзитетот произлезе од работата на меѓународен тим предводен од холандскиот дипломат Макс ван дер Штул.

Од основањето, Универзитетот и понатаму го има предизвикот  за да одговори на меѓународните стандарди и трендови. Интернационализацијата останува клучен столб на Универзитетскиот стратешки план. Соодветно на тоа, Универзитетот активно учествува во мобилноста на вработените и студентите, како дојдовни така и појдовни. Универзитетот го поддржува и кадарот да ја претставува својата експертиза на меѓународни конференции и во меѓународни списанија. Универзитетот на Југоисточна Европа продолжува да биде популарна локација за гости за говорници и предавачи; за време на периодот на овој преглед, Универзитетот беше почестен да биде домаќин на двајца професори  од програмата Фулбрајт од САД - проф. Џудитан Мек Лахлан, од Универзитетот во Јужна Флорида, која предаваше на Правниот факултет на Универзитетот на Југоисточна Европа, и проф. Пол Коку од Универзитетот Флорида Атлантик, кој предаваше на  Факултетот за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа.

Главниот надзор над напорите на интернационализацијата на Универзитетот го обезбедува Канцеларијата за меѓународни односи (КМО). Примарните задачи на КМО се да ги олеснат можностите за мобилност на Еразмус+ за  студентите и за вработените; да им помагаат и да ги ориентираат предавачите во посета; да воспоставуваат и да одржуваат односи со други институции, особено кога е формализирано со меморандуми за разбирање или меморандуми за соработка и помага и го надгледува  запишувањето на турски кандидати за студенти на програмата за турски јазик на Правниот факултет.

За  подобро да се прикажат овие напори, во овој извештај се забележува дека за периодот на овој преглед УЈИЕ имал 52 гранта за можности за мобилност на Еразмус+, од кои 42 се искористени. Од нив, 31 беа за студентите, додека 11 за членови на кадарот. Посетите на мобилност беа дистрибуирани на следниов начин: Словенија - 9; Германија - 5; Франција - 5; Шведска - 4; Хрватска - 3; Чешка - 3; Австрија - 2; Лихтенштајн - 2; Литванија - 2; Португалија - 2; Шпанија - 2; Турција - 2 и Холандија - 1.

Дополнително, во периодот опфатен со овој извештај, Универзитетот потпиша четири Еразмус+ договори со: Универзитетот во Сплит, Универзитетот во Осиек, Универзитетот Вистула и Универзитетот

во Лил. УЈИЕ потпиша и два меморандума за разбирање, со Универзитетот Ѓирокастро во Албанија и ЛУМ „Жан Моне“ во Италија.

## 7. Претприемништво и развој

Универзитетот на Југоисточна Европа ја разгледува соработката со деловните и претприемничките заедници како централен столб на својата активност. Универзитетот има за цел да биде позитивен посредник помеѓу световите на претприемништвото и академските институции, особено преку: 1) олеснување на поголема формална соработка помеѓу академскиот и деловниот свет и 2) минимизирање на недостатоците во вештините помеѓу академската обука и практичниот пазар на трудот. За да ги надмине овие цели и амбиции, Универзитетот го формираше Комитетот за деловни односи, кој има претставници од извршниот менаџмент на Универзитетот, Центарот за кариера и две главни иницијативи на УЈИЕ за градење на врски меѓу бизнисот, индустријата и академијата - *Univerity.com* и Технолошкиот парк на УЈИЕ.

Центарот за развој на бизнисот (ЦРБ) обезбедува деловна обука и деловно советување на поединци, компании и на други приватни и јавни институции. Преку БДЦ, УЈИЕ е партнер на компании и други институции во однос на професионални и организациски аспекти. Конкретно, ЦРБ им помага на компаниите во професионалната организација на конференции, семинари и на деловни состаноци, користејќи ги просториите на УЈИЕ во кампусите во Тетово и во Скопје. Дополнителна услуга што ЦРБ ја нуди на компаниите е промовирањето на своите услуги и производи за студентите и вработените на УЈИЕ во различни форми (електронски пораки, постери, флаери). ЦРБ им помага на компаниите и да идентификуваат обуки или други можности за градење вештини и да обезбедат инструкции за исполнување на тие потреби. Меѓу најистакнатите наши ценети локални партнери се: Даути Комерц, Алкалоид, Шпаркасе банка, Кипер, Лајкакамобил, Еколог, Харбини козметика и Охридска банка. ЦРБ постигна одлична соработка со Амбасадата на САД во Скопје, Европската банка за обнова и развој (ЕБРД), Бизнис-конфедерација на Македонија, Стопанската комора на Северозападна Македонија, ДМВВ (DMWV) и др.

Технолошкиот парк (*TechPark*) на УЈИЕ се наоѓа во Кампусот во Тетово. Основан е со одлуката на Одборот на Универзитетот во 2013 година, и е главната иницијатива на Универзитетот за поддршка на бизнис-инкубација и поддршка за МСП (мали и средни претпријатија). Главните функции на TechPark се поделени во три различни активности, посебно: Одделот за закуп; Секторот за прединкубатор / инкубатор; и Одделот за обуки и настани. Одделот за закуп првенствено е одговорен за обезбедување соодветни претприемачки капацитети за иницијативите, како што се физички локации; планирање, советување и маркетингпомош и олеснување на интеракцијата на закупниците со помошници од додипломски и постдипломски студии. Одделот за прединкубатор / инкубатор посебно обезбедува помош за поттикнување на концептот од почеток до реализација, особено во областа на ИКТ. Одделот за обуки и настани обезбедува настава и форуми за настани –меѓу кои се обезбедени дваесет различни обуки, особено настава поврзана со *Microsoft IT Academy, CISCO Academy* и поопшта обука за бизнис-план, маркетинг и менаџмент.

Универзитетот има за цел да го задржи овој фокус на мултииницијативното претприемништво, верувајќи дека тоа претставува 1) скапоцена можност за диверзификација на приливите на приходи, 2) колективна корисна интеракција меѓу академската заедница и бизнисот, 3) логичка поддршка за внатрешни и локални истражувачи и претприемачи и 4) форма на поврзување со заедницата во која УЈИЕ е локален и национален лидер.

# 8. Финансирање

Како приватна јавна непрофитна високообразовна институција, финансирањето на наставните и истражувачките активности на Универзитетот се потпираше првенствено на институцијата, со малку приход надвор од институцијата. Во овој контекст најголем дел од приходот произлегува од студентска школарина. Оваа партиципација на приходот на школарината со ова ниво најверојатно ќе остане во блиска иднина, што ќе биде основен извор на приходи за Универзитетот. Дополнителните извори на приход потекнуваат од активностите на други универзитетски услуги (како што се обезбедување обуки за надворешни компании или дизајн на развојни програми за бизниси). Уште еден дополнителен извор за финансирање на универзитетското работење е државниот буџет кој веќе трета година по ред продолжува да го субвенционира Универзитетот, финансирање кое беше многу корисно за одржување на обезбедувањето високо квалитетно образование на УЈИЕ. Приносите на краткорочни и долгорочни банкарски депозити, како и вложувањата во инвестициски фондови со низок ризик, претставуваат уште еден додаток на буџетот на Универзитетот.

Треба да се запомни дека земјиштето на кое се наоѓа Кампусот во Тетово не припаѓа на Универзитетот или на Фондацијата, туку на Владата и се користи врз основа на долгорочен договор.

Ако внимателно го погледнеме портфолиото на приходи за учебната 2016/2017, тоа е следново: школарите учествуваат со 87,28% од приходите, комерцијалните приходи се 1,77%, финансиските активности 1,17%, проектите 0,49% и државните субвенции се другите 9,29%

Како што може да се види, постои голема зависност од студентската школарина, со што Универзитетот е финансиски изложен на демографски промени или недостатоци во однос на запишувањето. Пожелно е да се идентификуваат и да се следат дополнителни извори на приходи и да се направи диверзификација на приливите на приходи.

УЧЕСТВО НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ ВО ВКУПНАТА АКТИВА

Според најновите податоци, вкупната актива на Универзитетот изнесува 1.211.532.000 МКД. За финансиската година 2016 година, приходот од донации за школарина и стипендии изнесуваше 237.203.000 денари. Вкупните приходи за таа година изнесуваа 490.949.000 денари.

ДЕЛ ОД СТУДЕНТНТСКАТА ШКОЛАРИНИ ВО ВКУПНИ СРЕДСТВА

Според бројните податоци, учеството на школарината во вкупната актива изнесува 19,58%.

# 9. Средина на Кампусот и услуги

## 9.1 Поддршка за студентите

Поддршката на студентите главно се реализира преку Студентскиот сервис и преку Канцеларијата за финансиска поддршка. Во академската 2016/2017 година, студентите финансиски беа поддржани од програмата за стипендии преку грантови за стипендии од донаторите, преку програмата „Работи и студирај“ како и преку програмата за финансиско олеснување за втор и за трет студент од семејството, а кои се запишуваат на УЈИЕ. Вкупно, 25% од редовните студенти на додипломски студии, до одреден степен финансиски се поддржани.

Програмата за стипендии се состои од две групи: стипендии по заслуга за студенти кои имаат успех во претходното оценување на знаењето и стипендии за финансиска потреба, со кои се подобрува финансиската состојба и кои се доделуваат во соработка со Институтот Отворено општество. На ниво на Универзитет беа доделени 255 стипендии, од кои 156 по заслуга и 104

стипендии за финансиска потреба; и 27 стипендии од деловната заедница. Ова значи дека околу 14,5% од вкупниот број редовни студенти беа поддржани со стипендии кои делумно или целосно ги покриваат школарините за релевантната студиска програма.

Од финансиска гледна точка околу 2,6 % од редовните студенти се поддржани преку програмата „Работи и студирај“. Преку оваа програма, студентите се ангажирани во различни служби на Универзитетот, го користат своето релевантно искуство и со ова добиваат финансиски средства за да ја покријат својата школарина. Во оваа академска година 46 студенти беа ангажирани на оваа програма.

Слично на ова, за поддршка на семејствата кои имаат повеќе од еден студент кој студира на УЈИЕ, се дава попуст за намалување на школарините на втор и на трет студент од исто семејство. Преку оваа програма Универзитетот има поддржано 86 студенти, што е 4.8 % од редовните студенти.

Посебно внимание се посветува на развојот на ефективниот пристап за студентите со посебни потреби, па можности за стипендии постојат и за оваа група студенти.

УЈИЕ во соработка со деловната заедница додели 27 стипендии кои покриваат 100% од школарините за интегрираните студиски програми. Ова се докажа како важно дополнение на постојните инструменти за студентска поддршка и ќе помогне да се одржат силни врски со компаниите кои имаат волја да ги поддржат студентите на УЈИЕ со стипендии.

## 9.2 Технички капацитети и логистика

Средината во која Универзитетот на Југоисточна Европа работи е пример за земјава и регионов, за тоа како треба да изгледа образовната средина, како одраз на високата организациска култура базирана на европските стандарди, но и во насочување на грижата кон животната средина. Во периодот опфатен со овој извештај, неонските сијалици беа заменети со ЛЕД-сијалици за да се заштеди енергија и да не се загадува животната средина. Греењето продолжува да се генерира со биомаса, а електричната енергија се произведува со фотоволтаични панели. Оваа година Универзитетот продолжи со автоматизација на системот за наводнување на зелените површини со површина од 3.600 м2, што помогна да се заштеди вода и електрична енергија.

Одделот за одржување работи на автоматизација на процесите, со цел да ги направи поконтролирани и полесно да можат да се управуваат. Повеќето од овие процеси се интегрирани во ИСО-стандардите со кои Универзитетот е запознаен. Надворешниот изглед на основите и зградите бара висок степен на контрола и посебна грижа при планирањето и извршувањето на задачите.

Секогаш има за цел планираното одржување да биде ефикасно и ефективноза да се минимизираат појавите, односно да се планира одржувањето, кое континуирано го подобрува извршувањето на задачите и ги намалува неочекуваните настани. Одделот за одржување ги постигна планираните цели со оптимизирана работна сила. Новата структура попрецизно ги делегира одговорностите и овластувањата за сите вработени во Одделот, особено за одговорните на единките, процес кој помага да се постигне подобро управување. Ова е поврзано и со имплементацијата на стандардите за услуги и динамичка контрола преку подобрување на одржувањето на техничките капацитети во сите сегменти. Доказите за ова подобрување се наоѓаат во високите оценки од редовните анкети со вработените и студентите, дури и по примена на оптимизирана структура на вработените. Сите овие активности се споменуваат во насока на подобрување на техничките капацитети и образованието во Кампусот, кои ќе продолжат да му даваат на Универзитетот конкурентна предност во споредба со другите високообразовни институции во регионов.

## 9.3 Центарот во Скопје

Кампусот на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје е во центарот на активностите на УЈИЕ во главниот град на Македонија. Во текот на семестарот таму има предавања од 08:00-16:00 часот секој понеделник до петок, и настава за магистерските студии на наизменични саботи. Административниот кадар во Кампусот во Скопје е постојано сместен во Скопје и го обезбедува истиот стандард на услуги на скопските студенти, како што го обезбедуваат вработените во Кампусот во Тетово.

Покрај главните напори на УЈИЕ во Скопје, обезбедување настава според курикулумот- УЈИЕ од Скопје, исто така, е домаќин на многу универзитетски собири, како што се состаноци на Ректоратот, Одборот, Здружението на Студентскиот парламент и други сродни тела. УЈИЕ Скопје е исто така примарна институционална локација за одржување на предавања на истакнати гости говорници, мали конференции и работилници, промоции на книги и промотивни настани на Универзитетот. Кампусот во Скопје спонзорира бројни настани поврзани со заедницата, како што се неодамнешните финални натпревари за пишување *Spelling Bee Finals* за учениците од основно и средно образование или како што е обезбедувањето локација за повеќекратни тестови на Британскиот совет во Македонија. На крајот, Кампусот на УЈИЕ во Скопје, во периодот на овој извештај, обезбеди основна логистичка помош на новоформираниот Универзитет „Мајка Тереза“, со тоа што им овозможи на администраторите за уписи на УМТ да бидат привремено лоцирани во просториите на УЈИЕ во Скопје. Оваа соработка сега заврши, како што и се очекуваше.

Професорите и администраторите на Универзитетот во УЈИЕ имаа активна улога во промовирањето, регрутирањето и запишувањето на Универзитетот во текот на периодот на овој извештај; овој процес во голема мера беше потпомогнат од неделниот состанок на вработените на скопскиот кампус за брифирање, размена на информации и дискусија.

Вработените во Скопје се стремат да обезбедат културен живот за студентите, без разлика дали преку објавување известувања за претстојните музички забави или едноставно со ставање на располагање на популарната опрема за пинг-понг. Примарната намера на наставниците и администраторите на УЈИЕ во Скопје е да го задржат високиот квалитет на искуството на студентите од Тетово, но со посебните предности на локацијата во главниот град и блискоста со помалиот кампус.

## 9.4 Човечки ресурси

Канцеларијата за човечки ресурси, во текот на академската 2016-2017 година, во согласност со надлежностите и овластувањата на Канцеларијата, беше посветена кон имплементација на стратешкиот план на Универзитетот за развој на човечки ресурси, посебно за вработување квалитетен административен и академски кадар врз основа на принципот на еднакви можности. Посебно внимание беше посветено на обуката и на развојот на кадарот на Универзитетот во тесна соработка со Канцеларијата за квалитет.

Универзитетот ја продолжи оваа година со водењето, обработката и со промоцијата на академскиот кадар во наставно-научни звања. Сите овие активности се успешно и навремено завршени, што беше потврдено од инспекцијата на Министерството за образование за сите достигнувања во наставно-научните звања од академските 2013-2014 до 2016-2017 година.

Канцеларијата за човечки ресурси во текот на академската 2016-2017 година започна со спроведување на процесот на оптимизација на административниот кадар, процес кој е во тек сè уште. Во првата фаза од процесот сите податоци поврзани со квалификациите, искуствата и вештините за административниот кадар се собираат во електронска форма.

За да се осигури висок квалитет на човечките ресурси на Универзитетот, посебно значење е посветено на процесот на усовршување на административниот кадар со релевантни курсеви, внатрешно и надворешно. Посебно значење е посветено и на контролирање или почитување на работното време од административниот и академскиот кадар.

Во тесна соработка со Службата за информатичка технологија, заложбата за имплементација на заедничкиот софтвер на Канцеларијата за човечки ресурси со Канцеларијата за академско планирање и Канцеларијата за финансии се очекува да вроди со резултат.

Во текот на академската 2016-2017 година на Универзитетот на Југоисточна Европа имаше 261 вработен. Тие беа распределени на следниов начин: има 148 членови на академскиот кадар, од кои 100 се со полно работно време, додека 48 се вработени со скратено работно време. Има 113 административни службеници, од кои 105 се вработени со полно работно време, додека 8 се вработени со скратено работно време.

Од вработените со полно работно време од академскиот кадар распределбата на академски звања или здобивање степени е следна: **18** редовни професори; **31** вонредн професор; **22** доценти; **8** докторанти без наставно-научни звања и **21** магистер. Од академскиот кадар со скратено работно време од аспект на наставно- научни звања ја имаме оваа распределба: **8** редовни професори; **10** вонредни професори; **9** доценти; **4** докторанти без наставно-научни звања; **9** магистри и **8** со високо образование.

На Универзитетот има **113** административни службеници, од кои **105** се вработени со полно работно време, а **8** се вработени со скратено работно време. Од вкупниот број редовни административни службеници, **5** имаат квалификација доктор на науки **15** магистри, **59** со високо образование и **26** немаат универзитетска диплома. Од вкупниот број вработени со скратено работно време од административниот кадар **1** има квалификации за докторски студии; **2** магистри и **5** со универзитетска диплома.

Најголемиот број вработени во последниве пет години е забележан во 2012 година, кога имало вкупно 347 вработени (254 редовни и 93 вработени со скратено работно време). Овие бројни податоци постојано се намалуваат преку намерно намалување на поддршката со скратено работно време, оптимизацијата и пензионирањето или оставката. Овие трендови се следни: во 2013 година имаше 320 вработени, од кои 249 со полно работно време и 71 со скратено работно време. Во 2014 година имаше 300 вработени, од кои 229 беа со полно работно време, а 71 беа со скратено работно време. Во 2015 година имаше 285 вработени, од кои 223 со полно работно време и 62 вработени со скратено работно време. Во 2016 година имало 278, од кои 221 со полно работно време и 57 со полно работно време. Како што споменавме погоре, во 2017 година има вкупно 261 вработен, од кои 205 со полно работно време и 56 со скратено работно време.

## 9.5 Информациски системи

Како една од најважните врски на Универзитетот во однос на поддршка на административните процеси, одделот за ИТ продолжи со развојот и надградбата на електронските системи. Во однос на системот на академско планирање и управување со академски ангажмани, поддршката за информатичките системи работеше на подобрување на постојниот систем. Врз основа на реалните потреби и проблеми со кои се соочуваат при употреба на системот во реални услови, развиени се опции кои ја зголемуваат флексибилноста на системот за да се зголеми ефикасноста при планирањето на академските ангажмани. Нивото на интеграција на овој систем со модулот за пресметка на плата, кој е дел од системот *ERP*, исто така се зголеми и стана пософистициран. Сега, врз основа на академските ангажмани, кои се и одобрени од раководството, системот на крајот на секој месец ги

пресметува платите за тековниот месец. Ова сега ќе биде целосна основа за генерирање детални извештаи за платата на академската работа на Универзитетот.

Во однос на другите случувања и подобрувања во *ERP*, вреди да се спомене дека е развиен системот за рано предупредување за одредени буџетски ставки. За ова беше неопходно прво да се разгледаат електронските извештаи за ликвидноста и буџетот и да се дефинира деловната логика за активирање на границите за рано предупредување.

Во текот на оваа академска година паралелно работевме на миграцијата на *UMS* во *WEB*-апликацијата. Ова се прави од две причини. Првата причина е да ја почитуваме среднорочната дефиниција на Универзитетот за транзиција на електронски системи во „клауд", а втората причина е постојано подобрување и надградба на системот врз основа на реални потреби кои се развиваат и се менуваат под нови околности. За таа цел развивме нова веб-платформа (https://ums.seeu.edu.mk) и развиваме нови модули како што се модулот за практикантска работа во Центарот за кариера, модулот за Одделот за одржување и сл. Универзитетот мигрираше и некои *UMS* десктоп апликации на *WebUMS*, како што е „Базата на податоци за истражување".За да се подобрат административните процеси, во текот на оваа учебна година ние презедовме иницијатива за ревизија и унапредување на постапката за јавни набавки, како и електронскиот систем за јавни набавки. Овој систем е во употреба за одреден временски период и како резултат на реалните потреби, постои потреба за негова ревизија и негово подобрување. Врз основа на повторно подготвената постапка за набавки, развивме нов систем за јавни набавки, кој сега интензивно се тестира пред да биде пуштен во употреба. Се очекува новиот систем на набавки да ја зголеми ефикасноста на набавките и да влијае врз подобрувањето и оптимизацијата на трошоците.

Со цел да се продолжи со неодамнешните случувања и да се овозможи континуирано подобрување на електронските системи, потребни се значителни инвестиции за ИТ-инфраструктурата на Универзитетот. Во оваа насока, Универзитетот има вложено значителни ресурси за замена на ИТ-опрема во центарот за податоци, успешно заменувајќи ја застарената опрема со современа опрема. Сите електронски системи се мигрираат успешно и речиси без прекин на работата на Универзитетот. Новите уреди овозможија виртуелизација на напредни услуги кои придонесоа за намалување на бројот на физички сервери. Со намалувањето на бројот на физички уреди, следствено, постои значително намалување на трошоците и од аспект на потрошувачката на електрична енергија, и од аспект на одржување на тие уреди.

Сите овие случувања, промени и подобрувања во областа на информатичката технологија докажуваат дека Универзитетот продолжува да демонстрира посветеност во извршувањето и спроведувањето на најдобрите практики во светот во областа на информатичката технологија.

## 9.6 Библиотека

Библиотеката „Макс ван дер Штул" е институционална библиотека која служи на истражувачките и образовните цели на Универзитетот на Југоисточна Европа. Библиотеката за таа намена поседува простор во зградата 702. Библиотеката има две локации - централната библиотека во Кампусот во Тетово „Макс ван дер Штул", како и огранокот од Библиотеката во Кампусот во Скопје. Во текот на подготвувањето на овој извештај, библиотеките вкупно имаат 32.479 одделни книги, кои опфаќаат 15.859 различни наслови. Главните библиотеки ги покриваат предметите кои се предаваат на Универзитетот, со додавање општи референтни материјали и популарни интересни книги. Повеќето книги се достапни за читање и проучување од дома, додека референтните работи мора да останат во просториите на Библиотеката. Библиотеката служи и како централна локација за изложување на трудовите кои ѝ се достапни на јавноста пред да бидат претставени на наставно-научниот совет, како

што се магистерски или докторски дисертации, или комисиски извештаи за избор во наставно-научно звање. Библиотеката служи и како место за чување на магистерските и докторските тези по нивната одбрана, така што тие се достапни за научни консултации. Библиотеката има пристап и до местата што ги формираат Европската унија и Светската банка, за што се обезбедува простор со документи и база на податоци од Светската банка.

Во академската 2016-2017 година, Библиотеката успешно ја извршуваше својата редовна работа за потребите на студентите и академскиот кадар со потребните услуги, вклучувајќи ги книгите и електронските материјали, преку постојниот библиотечен фонд и достапните бази на податоци *EBSCO* и *EKON-BIZ*. Ново купените книги се класифицирани и каталогизирани ефикасно, особено фондот на владините книги, донирани од МАНУ. Тековен процес е дигитализацијата и каталогизирањето на магистерските и на докторските тези за да можат да бидат достапни и во библиотечниот каталог каде што ќе имаат пристап и надворешни научници. Лесно се остварува и трансферот на потребните или бараните материјали од Тетово до Библиотеката во Скопје, и обратно. Постојана кампања за користење бази на податоци е организирана во секое време, како со нови студенти, така и со други. Сите овие активности се овозможени благодарение на професионалниот, ефикасен и посветен персонал на Библиотеката.

Оваа година продолжува соработката со Националната и универзитетска библиотека Скопје, овозможувајќи позајмување на материјали што не ги поседуваме, како што е и договорот со Универзитетската библиотека на Косово. Во текот на овој период, Библиотеката посвети и посебно внимание на промоција на книги од локални автори од научно и културно значење.

Помошта за библиотека е достапна за сите студенти и вработени со полно работно време или со скратено работно време. Кадарот на Библиотеката помага во контролирањето, враќањето и заведувањето книги кои биле позајмени од студентите или вработените. Барањата за резервација на книги може да се направат лично или он-лајн. Материјалите обично се позајмуваат и се обновуваат, иако за особено добро познати или ретки дела може да се одбие барањето за повторно позајмување книга. Вработените во Библиотеката ги обучуваат студентите од програмата „Работа и студии“ и тие придонесуваат за обезбедување библиотечни услуги.

## 9.7 Студентски парламент

Асоцијацијата на Студентскиот парламент е основно тело за студентскиот глас и студентската застапеност на Универзитетот. Тоа е избрано собрание, кое по изборот дополнително ги избира своите членови. Претставниците на Парламентот се членови без право на глас во Сенатот на Универзитетот, а другите членови се во тимовите за обезбедување квалитет на Факултетот.

Студентскиот парламент делува за да ги претставува и да им служи на студентите. Соодветно на тоа, голем дел од нивната работа е консултативна и советодавна, обично во погоренаведените својства. Дополнително, СПА служи за да им обезбеди на студентите забава и социјални можности, како што се социјални собири, танци и помагање во договарањето на патувањето *„Eurotrip“* и советување за можностите за работа и патување.

## 9.8 Спорт и рекреација

Во областа на спортот и рекреацијата, Универзитетот е активен во академската 2016/2017 година. Примарна задача беше да продолжи да обезбедува спортски активности во двата универзитетски кампуса, во Тетово и во Скопје. За овие цели беа спроведени разни истражувања со студентите за да бидат информирани кои спортски активности студентите најмногу ги сакаат и тие да им бидат достапни. Врз основа на добиените информации, организациските активности беа додадени во

одредени спортови, имајќи ги предвид капацитетите и условите што ги има Универзитетот за развој на тие активности.

Интензивни спортски активности се организирани на универзитетските кампуси и надвор од нив. Организираните активности се различни: постојат заеднички, како фудбал, кошарка, одбојка, тенис, пинг-понг, шах и фитнес, како и настани кои се организираат периодично во форма на турнири во различни спортски дисциплини –фудбал, кошарка, пинг-понг, шах, тенис, планинарење и возење велосипед.

Во овој контекст, вреди да се спомене учеството на студентие во скијачките натпревари во Албанија, организацијата на планинската експедиција на врвот Кораб и други алпинистички активности, како и возење по одредени велосипедски патеки. За да се обезбедат добри спортски услови за студентите од кампусот во Скопје, Универзитетот обезбеди време за спорт во салата и во базенот во Центарот „Борис Трајковски“, кој помогна во популаризирање и зголемување на спортот меѓу студентите.

Покрај овие активности, вреди да се спомене и продолжувањето на учеството на универзитетскиот тим во државниот фудбалски шампионат, каде што беа постигнати импресивни резултати. За жал, поради прекинот на организирањето на меѓууниверзитетското натпреварување од одговорните, студентите од оваа година не беа во можност да ги докажат своите квалитети во оваа форма на конкуренција.

На крајот можеме да кажеме дека академската 2016/2017 година беше доста успешна во областа на ангажирање на студентите во спортски активности, но и со постигнување извонредни спортски резултати. Инаку, во областа на спортот, Универзитетот во одреден момент се стреми кон изградба на наменет спортски објект за да се зголеми достапноста на спортска и фитнес-опрема за студентите и за вработените.

# 10. Заклучок

Универзитетот на Југоисточна Европа одржува значајна позиција во Република Македонија и пошироко, како преку одличната академска понуда така и преку обезбедување пример за ефективна мултиетничка и повеќејазична соработка.

Овој извештај има за цел да ги презентира предностите и предизвиците со кои се соочува Универзитетот во време на подготовката. УЈИЕ има за цел искрено да ги идентификува своите слабости и да работи напорно за да ги отстрани. За да се искористи продуктивно овој извештај, следниве предлози се изведени од различни делови од овој Извештај. Универзитетот треба:

- Да го стабилизира уписот на студенти на додипломски студии.
- Да го одржи регионалното водство во вториот и во третиот циклус на студии.
- Да ги диверзифицира приходите преку иновативна соработка со деловни и социјални партнери.
- Да ги формализира дарежливите субвенции на владата во структуриран и редовен договор.
- Да ги подобри стапките на навремено дипломирање.
- Да ги зајакне ресурсите за истражување (пристап до бази на податоци) за вработените и студентите на последипломски студии.
- Да развие активна асоцијација на алумни.

Универзитетот на Југоисточна Европа се соочува со предвидливи проблеми на краткорочен и среднорочен временски рок, но институционално е добро подготвен да одговори на тие предизвици. Универзитетот има сериозна репутација за високи стандарди на академска настава; има екстензивни и докажани инструменти и политики за обезбедување квалитет; нуди модел на мултиетничко, мултијазично и мултикултурно образование кое е единствено на национално и на регионално ниво; и има соработнички и колегијален академски и административен кадар. Иако не треба да се потценат предизвиците што претстојат, Универзитетот на Југоисточна Европа останува една од најдобрите образовни институции во Република Македонија и на балканскиот регион и има оправдани очекувања за продолжување на одржувањето на оваа извонредност.

## Членови на комисијата за самоевалуација

- Провост
- Генерален секретар
- Проректор за претприемништво и планираање
- Извршен советник за квалитет
- Одговорен на Кампусот во Скопје
- Одговорен на студентскиот сервис
- Одговорен на Центарот за кариера
- Претставници од сите пет факултети
- Директор на Институтот за истражување
- Директор на Јазичниот центар
- Директор на Центарот за е-учење
- Претставници од Студентскиот парламент
- Асистент за обезбедување квалитет, техничка поддршка

(Комисијата дополнително го признава придонесот од Фикрет Шабани за содржината на овој извештај. Исто така, ја признава работата на Даниела Илиевска и на Реџеп Целадини за превод како и на Бурим Исмаили за техничко форматирање на документот.)